**ЗАПИСНИК**
**Од 31-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 31.10.2023 година, со почеток во 10:00 часот**

Скопје, октомври 2023 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-2160/2

**ЗАПИСНИК**
**Од 31-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 31.10.2023 година, со почеток во 10:00 часот**

Триесет и првата седница на Општина Бутел се одржа на 31.10.2023 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Теодора Спасенцовска, Александар Ѓорѓевски, Стојан Петкуќевски, Ѓокица Божиновски, Сељвете Муртези, Чедо Николовски, Оливера Ливриниќ, Мартин Бошковиќ, Аљајдин Сали, Љејља Исени, Сеад Арслани, Самир Исени, Дарко Димовски.
Отсутни: Нема

На седницата исто така присуствуваа и Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев, Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев, Раководителот од Секторот за финансиски прашања Андреј Димов, Преставничката од градинките ЈОУДГ„11 Октомври“ Анита Радевска, Преставник од Одделението за јавни дејности Илија Трајковски.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот д-р Игор Николов.
Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот Д-р Игор Николов ги стави Записниците од 29-та и 30-та седница на гласање и констатира дека Советот со 18 гласа „ЗА“, нема „ ПРОТИВ“, нема „ВОЗДРЖАНИ“, истите ги усвои.

За ова седница беше предложен следниот

ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.
2. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.
3. Предлог-Одлука за усвојување на периодични извештаи за третиот квартал од 2023 година.
4. Предлог-План на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година.
5. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за период 2023-2024 година.

6. Предлог-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за 2024 година.
7. Предлог-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел, врз основа на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по Предлог-Дневниот ред. Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев се пријави за збор и побара дополнување на дневниот ред со дополнителна точка: Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Бутел 2022“- Скопје.

Советникот Игорче Милановски се пријави за збор и побара дополнување на дневниот ред со две точки: Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за користење на спортските сали „Антон Димитров“ и „Иван Хаџи Николов“ и Предлог-Одлука за доделување на еднократна парична помош.

Советникот Дарко Димовски се пријави за збор и изјави дека нема добиено материјал за Планот за заштитна и спасување освен слика со мислење. Постави прашање доколку не е доставен Планот и на другите советници, точката да се тргне од дневниот ред и да се остави за наредната седница.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев му одговори на прашањето на советникот Дарко Димовски дека никој од советниците го нема добиено Планот за заштита и спасување, бидејќи никој од советниците не поседува Сертификат за класифицирани информации.

Претседателот на Советот изјави доколку некој од советниците поседува Сертификат за класифицирани информации, да го достави до Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев за да го добие Планот.

Советничката Љејља Исени се пријави за збор. Изјави дека има критика за првата точка, бидејќи материјалот бил многу доцна доставен и немала време да го разгледа, нагласи дека материјалите треба да бидат доставувани седум дена пред одржување на седницата и побара ако има можност да се тргне точката од дневниот ред и да се остави за следната седница.

Збор му беше дадено на Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов кој даде образложение која е причината за доцнењето на материјалите за Ребалансот на Буџетот.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ . Изјави дека и таа исто како и колешката има забелешка за доцнењето на материјалите, доколку се сложуваат колегите точката да се задржи бидејќи е битна за платите на наставниците.

За збор се пријави советникот Самир Исени и побара пауза од дваесет минути за да го разгледа материјалот за Ребалансот на Буџетот и побара да му се отпечати во хартиена форма.

Претседателот  на Советот д-р Игор Николов даде предлог Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов да го образложи материјалот за Ребалансот за Буџетот, па потоа да даде пауза за да се разгледа материјалот.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов го стави на гласање Предлог-дневниот ред со дополнителните точки, предложени од Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев и советникот Игорче Милановски. Советниците со 15 гласови „ЗА“ и 4 гласа „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот дневен ред.

**По прва точка од дневниот ред Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година,** збор и беше дадено на Претседателката на на Комисијата за финансирање, буџет и лер Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Комисијата ги разгледа и прифати Предлог – Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година и ги доствува до Советот да ги донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов  даде образложение по Предлог – Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по првата точка.

За збор се пријави советничката Љејља Исени, се заблагодари за деталното образложение од страна на Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов и изјави дека е нејзино законско право да бара материјал седум дена пред одржување на седница.

За збор се пријави советникот Дарко Димовски и побара информација за колку зголемува Програмата за култура.

Раководителот на Сектотрот за финансиски прашања Андреј Димов одговори дека Програмата за култура се зголемува за милион и пол денари.

За збор се пријави советникот Аљајдин Сали, се изјасни дека е битно точката да помине бидејќи е битна за наставниците, но има забелешка за доцнењето на материјалите и побара во иднина материјалите да бидат доставувани една недела пред одржување на седницата за да има време да ги разгледа.

Претседателот на Советот побара од Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев да имаат во предвид материјалите да се доставуваат на време по барање на советниците.

Збор му беше дадено на советникот Чедо Николовски кој се изјасни дека ќе ја поддржи првата точка за Ребалансот на Буџетот.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и побара дообјаснување од Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов за зголемувањето на буџетот за набавка на мебел дали се два и пол или три и пол милиони повеќе и постави прашање дали станува збор за територијата на Бутел или училишта и градинки.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов одговори дека во програмата Н1 Основни училишта се дополнува со два милиони денари, се работи за набавка на клупи и столчиња за училишта.

За збор се пријави советникот Аљајдин Сали, постави прашање во врска со градинката „11 Октомври“, праша колку средства се предвидени за набавка на ново возило и дали се работи за нов или половен автомобил.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов одговори на прашањето на советникот Аљајдин Сали дека се работи за потполно нов автомобил за кој е предвидено милион и пол денари и исто така нагласи дека се работи за исклучително ретко возило кое се користи за транспорт на храна.

За збор се пријави советникот Аљајдин Сали и побара доколку се сложува колегата Самир Исени да не се користи пауза во интерес на времето.

Претседателот на Советот му постави прашање на советникот Самир Исени дали се сложува во врска со паузата.

Советникот Самир Исени се изјасни дека е доволно образложението од страна на Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов, и нема потреба од пауза.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави првата точка на гласање.

Советот на Општина Бутел ја усвои првата точка со 18 гласови „ЗА“ и 1 глас „ВОЗДРЖАН“.

**По втората точка од дневниот ред Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година,** збор и беше дадено на Претседателката на Комисијата за финансирање, буџет и лер Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година и ги доствува до Советот да ги донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов даде образложение по Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по втората точка.

За збор се пријави советникот Самир Исени и постави прашање поврзано со првата точка, побара дообјаснување во врска со превозните услуги во образованието дали е опфатен и превозот на деца. Праша и до каде е процедурата за транспортот на децата од Визбегово, исто така побара и побрзо да се реши асвалтирањето на улиците во Визбегово.

Претседателот на Советот му даде збор на Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов да одговори на прашањето на советникот Самир Исени.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов одговори дека општина има склучено договор со фирма која врши транспот на деца и ги опслужува сите деца од територијата на Општина Бутел.

За збор се пријави советникот Самир Исени и изјави дека повеќето деца од Визбегово немаат превоз до училиште, праша каде е проблемот зошто за сите деца нема превоз и апелираше побрзо да се реши проблемот со превозот.

Советничката Оливера Ливриниќ се пријави за збор, се надоврза на колегата Самир Исени и апелираше до Одделението за јавни дејности да се даде повеќе информации на населението од Визбегово во врска со превозот на учениците.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов одговори, доколку има деца од Визбегово кои учат во училишта во други општини треба тие да обезбедат превоз. Општина Бутел е надлежна за транспорт на деца само за територијата на Општина Бутел.

За збор се пријави советникот Сеат Арслани и изјави дека не е битно децата од Визбегово во кое училиште учат општината е должна да и обезбеди превоз.

За збор се пријави советникот Самир Исени и побара да се најде начин да се одвојат средтства за превоз на децата што одат во училишта надвор од територијата на Општина Бутел.

За збор се пријави советникот Аљајдин Сали и изјави дека проблемите со транспортот на децата произлегуваат од невнимание на општината, исто така нагласи дека школото е заврено во рекордно време од осумнаесет месеци но сеуште не е започнато со работа затоа што општината не поднела барање за приклучок за струја.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев се јави за збор и изјави дека информациите не се точни и дека не е до општината поради која касни приклучокот за струја во училиштето.

За збор се пријави советничката Љејља Исени и изјави дека колегата Аљајдин Сали е во право од општината се чека само еден документ за приклучок на струјата во училиштето.

За збор се пријави советникот Сеат Арслани апелираше двете страни да се разберат, да има разбирање за што поскоро да се отвори училиштето.

Совтничката Оливера Ливриниќ се пријави за збор и апелираше да се задржи нивото што го имаат како советничка група и постави прашање за училиштето во Визбегово дали проблемот е во доводот на струјата и дали општината е известена за тоа.

Советничката Љејља Исени се пријави за збор, постави прашање дали е добиен тендерот за асвалтирањето на улиците во Визбегово, кога ќе започне и кога би завршило.

Претседателот на Советот му даде збор на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев да одговори на прашањата во врска со училиштето во Визбегово и апелираше до советниците да се задржат на темата по втората точка.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев даде детално образложение за училиштето во Визбегово, кои се причините за доцнењето на училиштето и причините поради кои е прекинат транспортот на деца, исто така одговори и на прашањето за асвалтирањето на улиците во Визбегово.

Советникот Самир Исени се пријави за збор и постави прашање, за колку дена ќе биде пуштен превозот на учениците.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев одговори дека јавната набавка е пуштена и за десет дена повторно ќе има превоз за учениците.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање втората точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои втората точка со 18 гласови „ЗА“.

**По третата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за усвојување на периодични извештаи за третиот квартал од 2023 година,** збор и беше дадено на Претседателката на Комисијата за финансирање, буџет и лер Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за усвојување на периодични извештаи за третиот квартал од 2023 година и ги доствува до Советот да ги донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов даде образложение по Предлог-Одлука за усвојување на периодични извештаи за третиот квартал од 2023 година

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по третата точка.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање третата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои третата точка со 18 гласови „ЗА“.

**По четвртата точка од дневниот ред Предлог-План на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година,** збор и беше дадено на Претседателката на Комисијата за финансирање, буџет и лер Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Комисијата го разгледа и прифати Предлог-Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година и го доствува до Советот да го донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов даде образложение по Предлог-Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по четвртата точка.

За збор се пријави советникот Сеат Арслани и даде предлог да се предвиди во буџетот и спортска сала во училиштето во Визбегово.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски, постави прашање до каде е процедурата за олимпискиот спортски комплекс, кога би почнало да се гради и дали општината има обезбедено средтства за истиот.

Претседателот на Советот му даде збор на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев да одговори на прашањата.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев одговори во врска со спортска сала во школото во Визбегово дека веќе е разговарано со МОН, бидејќи земјиштето е се уште во сопственост на МОН можно е да влезе во програмата за наредната година, исто така и дека општината се обврзува да направи фудбалско и спортско игралиште во дворот на училиштето. На прашањето за спортскиот олимписки комплекс одговори дека ќе почекаат подобри времиња, бидејќи се работи за голем проект и исто така не се наоѓа на разбирање од страна на засегнатите страни и Агенцијата за млади и спорт.

Советникот Чедо Николовски се јави за збор и постави прашање дали општината има аплицирано за донации за олимпискиот комплекс.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев одговори дека општината неколку пати има аплицирано но била одбиена без никакво образложение.

Советничката Љејља Исени се пријави за збор и постави прашање, на која локација би се градел олимпискиот комплекс.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев одговори дека за изградба на олимпискиот комплек има предвидено две локаци но сеуште не е одлучено.

За збор се пријави Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов и се надоврза во врска со прашањето за изградба на спортска сала во училиштето во Визбегово, изјави дека оној момент кога министерството за образование ќе го заврши својот дел со обезбедување на парцела, Општина Бутел ќе се приклучи и ќе ја прошири Програмата за развој.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање четвртата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои четвртата точка со 16 гласови „ЗА“, и 3 гласа „ВОЗДРЖАНИ“.

Претседателот на Советот после оваа точка даде пауза од десет минути.

**По петата точка од дневниот ред Предлог-Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за период 2023-2024 година,** збор и беше дадено на Претседателката на Комисијата за Општествени дејности Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Комисијата го разгледа и прифати Предлог-Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работата на ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за период 2023-2024 година и го доствува до Советот да го донесе во предложениот текст.

Збор и беше дадено на Преставничката од градинката ЈОУДГ „11 Октомври“ Анита Радевска да даде образложение по оваа точка.

Преставничката од градинката ЈОУДГ „11 Октомври“ Анита Радевска даде детално образложение по Предлог-Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работата на ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за период 2023-2024 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по петата точка.

За збор се јави советникот Самир Исени и постави прашање конкретно за градинката во Бутел, моментално има 160 деца а капацитетот е до 221 деца, праша дали добро разбрал.

Преставничката од градинката ЈОУДГ „11 Октомври“ Анита Радевска одговори дека градинката работи со проширен капацитет во сите обијекти генерално.

За збор се јави советникот Самир Исени и постави прашање колку деца според законот може да има во една паралелка.

На прашањето на советникот Самир Исени одговори советничката Сељавете Муртези, бројката зависи од возраста на децата.

За збор се јави советникот Самир Исени и постави прашање, според законот дали може да се мешаат деца од различна возраст.

Претседателот на Советот му појасни на советникот Самир Исени дека Претставничката е сметководител во градинката и ни ја образложува Програмата на градинката.

Преставничката од градинката ЈОУДГ „11 Октомври“ Анита Радевска одговори дека во ниту една од работните единици којшто работат во склоп на ЈОУДГ „11 Октомври“ не постои мешање на јаслени со воспитни групи.

Претседателот на Советот му нагласи на советникот Самир Исени дека преставничката доаѓа од сметковотството на градинката и неможе да одговори на овие прашања.

Светникот Самир Исени се јави за збор со барање да се отвори уште една албанска паралелка во Бутел 1.

Советичката Сељавете Муртези се пријави за збор и изјави дека има молба до советниците да ја поддржат во однос на занималните во градинките да бидат сите исти во однос на ентериерот.

Советникот Чедо Николовски се јави за збор и изјави дека се сложува со колешката Сељавете Муртези, да нема дискриминација доколку се реновира во една занимална, да се реновира и во останатите секако доколку има услови.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и изјави, со гласањето на буџетот е опфатено опремувањето на сите објекти и дека се надева дека овој проблем ке биде надминат.

За збор се пријави советникот Мартин Бошковиќ и изјави дека во градинката во Радишани недостасува многу персонал и постави прашање дали општината може да направи нешто во однос на нови вработувања.

Збор му беше дадено на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г.Горјан Донев и одговори дека со изгласувањето на буџетот ќе се обезбеди ново возило за пренос на храна, а остатокот од парите ќе се наменат за набавка на детски столчиња, масички, дидактички играчки и се што е потребно за градинката. На прашањето за вработување на персонал одговори дека во изминатите две години немаат добиено ниту една согласност за вработување од страна на Министерството за Трут и Социјала.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање петата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои петата точка со 19 гласови „ЗА“.

**По шестата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за 2024 година,** збор и беше дадено на Претседателката на Комисијата за Општествени дејности Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за 2024 година и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор и беше дадено на Преставничката од градинката ЈОУДГ „11 Октомври“ Анита Радевска да даде образложение по оваа точка.

Преставничката од градинката ЈОУДГ „11 Октомври“ Анита Радевска даде детално образложение по Предлог-Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за 2024 година.

За Збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и праша зошто во Планот за вработување нема предвидено стручен кадар само помошно технички персонал, и дали тоа занчи дека стручен кадар не е потребен и не го ставаме во план за вработување.

Преставничката од градинката ЈОУДГ „11 Октомври“ Анита Радевска одговори, соглано со Законот за изработка на Планот за вработување ги содржи само тие две категории на лица, носителите на дејност не се дел од планот за вработување соглано Законот.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање шестата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои шестата точка со 15 гласови „ЗА“ и 4 гласа „ВОЗДРЖАНИ“.

**По седмата точка од дневниот ред Предлог-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел, врз основа на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел,** збор и беше дадено на Претседателката на Комисијата за Статут и прописи Весна Ѓорѓевска да даде извештај по оваа точка.

Комисијата го разгледа и прифати Предлог-Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел, врз основа на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел и го доствува до Советот да го донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Преставникот од Одделението за јавни дејности Илија Трајковски да даде образложение по оваа точка.

Преставникот од Одделението за јавни дејности Илија Трајковски даде детално образложение по Предлог-Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел, врз основа на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел.

Советничката Оливера Ливриниќ се пријави за збор и се заблагодари за излагањето на Преставникот од Одделението за јавни дејности Илија Трајковски. Изјави дека е многу битно што е запазен Планот за заштита и спасување од страна на општината и побара информација дали општината располага со обучен кадар што би можел да постапи во вакви кризни ситуации.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање седмата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои седмата точка со 19 гласови „ЗА“ .

**По осмата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Бутел 2022“- Скопје,** збор му беше дадено на Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев да даде детално образложение по оваа точка.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев даде детално образложение по Предлог-Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Бутел 2022“- Скопје.

Советничката Оливера Ливриниќ се јави за збор и постави прашање, дали во Одлуката има предвидено максимун седници во текот на месецот.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев одговори дека според Законот никаде не се предвидуваат максимун седници, седниците се одржуваат во зависност од потребите на предпријатието.

За збор се јави советникот Чедо Николовски и се изјасни дека ке ја подржи точката.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање осмата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои осмата точка со 18 гласови „ЗА“ и 1 глас „ВОЗДРЖАН“.

**По деветата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за користење на спортските сали „Антон Димитров“ и „Иван Хаџи Николов“,** збор му беше дадено на советникот Игорче Милановски како предлагач на точката да даде детално образложение по оваа точка.

Советникот Игорче Милановски даде детално образложение по Предлог-Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за користење на спортските сали „Антон Димитров“ и „Иван Хаџи Николов“.

За збор се јави Советникот Никола Божиновски и предложи да се провери технички дали е добро бидејќи едниот клуб веќе вежба во салата во Радишани.

За Збор се пријави советникот Дарко Димовски и изјави дека од предходниот Совет имало донесено Одлука со која клубот РК Бутел се ослободува од плаќање на надоместок, во овој мандат се донесе Одлука клубот да плаќа надоместок за салата. Постави прашање која е причината за предомислувањето. Исто така постави прашање колку финансиски средства добивала општината од клубовите и дали ослободувањето од надоместок за користење на салите ќе влијае на Буџетот. Исто така му се обрати на Советникот Игорче Милановски и му постави прашање, зошто кога веќе ги имал материјалите не биле предходно испратени со останатите материјали за да ги разгледаме.

За збор се пријави Советникот Чедо Николовски и изјави дека се согласува да се ослободат од плаќање на надоместок клубовите, но предлогот ќе го свати како Предлог до советник а не до Комисијата за Спорт, бидејќи комисијата за спорт не се состанала.

Претседателот на Советот нагласи точката да се сфавти како Предлог на советникот а не како предлог на Комисијата за спорт.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање деветата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои деветата точка со 18 гласови „ЗА“ и 1 глас „ВОЗДРЖАН“.

**По десетата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување на еднократна парична помош,** збор му беше дадено на советникот Игорче Милановски како предлагач на точката да даде детално образложение по оваа точка.

Советникот Игорче Милановски даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување на еднократна парична помош.

За збор се јави советникот Чедо Николовски и даде предлог, финансиската награда наместо 20.000 денари да биде 30.000 денари.

За збор се јави советничката Оливера Ливриниќ и даде предлог финансиската награда да биде рамноправна 25.000 денари за тренерот Иван Крстевски и 25.000 денари за Ведрана Туневска.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање десетата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои десетата точка со 18 гласови „ЗА“.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи, Претседателот на Советот д-р Игор Николов констатираше дека триесет и првата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Д-р Игор Николов